Во согласност со член 11 од Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) (Службен Весник на Република Македонија бр. 54/16) и Внатрешни постапки за работа на Телото за управување со ИПАРД

## Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

на ден 25.07.2017 година

**објавува**

# Ј А В Е Н  П О В И К

## за пројавување на интерес бр. 01/2017

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство како одговорен и договорен орган за спроведување на мерката техничка помош од ИПАРД програмата 2014-2020 ги повикува сите правни лица (компании, даватели на услуги и експерти) кои се заинтересирани за понатамошна соработка да ги доставаат следните податоци:
   - Адреса, контакт телефон и контакт електронска адреса и
   - Дејноста/и која ја/ги извршуваат,

   на електронска адреса: info@ipard.gov.mk.

2. Податоците добиени од правните лица ќе бидат користени за пополнување на специјална база на податоци (ростер) од која во иднина ќе се бираат учесници во јавни набавки и за истражување на пазарот за формирање на реална цена на набавка.
3. Јавните набавки ќе се спроведуваат во согласност со Практичниот водич на Европската унија за надворешни активности за јавни набавки и грантови (ПРАГ) и Внатрешните постапки за работа на Телото за управување со ИПАРД при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
4. Следните дејности се преферираат:

- Изнајмување на сали за состаноци и опрема;
- Уредување, печатење и дистрибуција на документи;
- Услуги за преведување и толкување (превод на документи, симултан превод и изнајмување на опрема за преведување);
- Набавка на канцелариски материјали;
- Транспортни услуги;
- Хотелски услуги;
- Експертски услуги од обласат на ЕУ пристапни фондови за земјоделство и рурален развој, земјоделство, јавни набавки по ПРАГ правила, ревизија, следење ипроценка, како и анализи во секторите кои ги покрива ИПАРД и
- Услуги за подготовка и организирање публицитет на ИПАРД програмата 2014-2020.

5. Повикот за пројавување на интерес ќе биде отворен за целиот период на спроведување на ИПАРД 2014-2020.

**Напомена: за подетални информации ве молиме обратете се на телефон +389 2 313 44 77 локал 114 или во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, канцеларија број 124.**